RURAL DEVELOPMENT NETWORK
OF NORTH MACEDONIA

ДЕКЕМВРИ 2022

# РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА
## 2023 - 2027

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Содржина


Вовед ........................................ 2

1. Методологија ........................................ 3

2. Анализа на моменталната состојба ........................................ 5

   2.1. Рурално население ........................................ 5

   2.2. Образование ........................................ 7

   2.3. Вработување ........................................ 8

   2.4. Анализа на опкружувањето – СВОТ анализа ........................................ 9

3. Анализа на чинителите (засегнати и заинтересирани страни) ........................................ 11

4. Стратегиски начела ........................................ 14

   4.1. Визија и мисија ........................................ 14

   4.2. Организациски вредности и принципи на работа ........................................ 15

   4.3. Општи цели ........................................ 16

   4.4. Специфични цели, индикатори и резултати ........................................ 0

# Вовед

Развојната стратегија на Мрежата за рурален развој (МРР), за периодот 2023 – 2027, има за цел да го насочи развојот и целите на дејствување на организацијата во планираниот период. Земајќи ги предвид моменталните потреби и потенцијали за развој во опкружувањето, Стратегијата ги идентификува можностите и приоритетите за работа, преку кои ќе се поттикнат и поддржат потребите и интересите на руралното население во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид трендовите во Европа и на глобално ниво, наспроти локалните потреби и услови / прилики.

Стратегијата покрива 4 приоритетни области на дејствување, поткрепени со четири хоризонтални прашања / принципи на работа. Развојната стратегија како документ, ја опишува користената Методологија за изработка на документот, преку SWOT анализата прави пресек на *моменталната состојба* на опкружувањето во кое ќе се имплементира Стратегијата, ги идентификува *клучните чинители* (засегнати и заинтересирани страни), по што ги презентира *стратегиските определби*, односно визијата, мисијата и главните стратегиски цели за периодот за кој се однесува.

Во подготовката на Стратегијата се земени предвид истражувања и анализи од различни меѓународни организации, вклучувајќи го и извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за 2022 година, што го изготвува Европската Комисија, како и приоритетите идентификувани со Стратегијата за земјоделство и рурален развој и Програмата за рурален развој (ИПАРД). За изработката на документот се користени статистики од Државниот Завод за статистика и од меѓународни извори како ЕуроСтат и базата на податоци на Светска Банка. Воедно, Стратегијата ги зема предвид законите и националните приоритети и политики кои влијаат врз можностите за развој на руралните подрачја. Документот е изработен со примена на партиципативен пристап, што ги отсликува потребите и интересите за развој на крајните корисници, притоа земајќи ги предвид реалните можности и фактори на влијание од надворешното опкружување.

*Визијата* на организацијата и во претстојниот период останува иста, односно:

***Руралното население во Република Северна Македонија живее и работи во инклузивна средина што поттикнува диверзификација и одржливост, овозможувајќи рамномерен развој и унапредување на социо-економските услови за живот, како и зачувување на природното богатство и културното наследство.***

За да се оствари визијата, *мисијата* на МРР преку која ќе дејствува во периодот од 2023 до 2027 е:

---

***Мрежата за рурален развој на Северна Македонија гради партнерства и остварува стратешка соработка, за влијание врз политиките за рурален развој на локално и национално ниво, ја поддржува и ангажира руралната заедница, преку активности за градење и искористување на нивните способности, вештини и знаења, и промовира и застапува ставови кои поттикнуваат услови за еднаков развој и одржливо искористување на природните ресурси.***

---

Стратегијата е изработена врз основа на принципите за:

- Соработка,
- Јакнење,
- Социјална инклузија и еднакви можности,
- Рамномерен развој,
- Диверзификација,
- Одржливост.

Стратегијата, по нејзиното усвојување, ќе служи како документ што ќе го насочува фокусот и работењето на Мрежата за рурален развој во периодот од 2023 до 2027 година.

# 1. Методологија

Развојната стратегија на Мрежата за рурален развој (2023 - 2027) е подготвена со поддршка од GIZ.

Стратегијата ги зема предвид потребите и очекувањата на крајните корисници, односно на руралното население во Република Македонија, идентификувани преку тесна соработка со организациите-членки на МРР. Документот ги отсликува погледите и ставовите на членките на организацијата, кои треба да бидат во фокус на работењето во периодот 2023 - 2027, а сé со цел да го поддржат и да придонесат кон остварување на визијата на организацијата за општествената положба на руралното население во Република Северна Македонија.

Стратегијата се однесува на населението од сите рурални средини, без разлика на неговата етничка или верска припадност, пол или возраст, или друг основ на поделба.

Стратегијата е заснована на податоците и ставовите кои се искажани низ работилницата за стратегиско планирање на која учествуваа претставници на членките на МРР. За време на работилницата беа дефинирани:

- Контекст во кој ќе се спроведува Стратегијата – анализа на слаби и јаки страни, можности и закани,
- Анализа на чинителите (засегнати и заинтересирани страни) во однос на нивниот интерес и моќ / влијание врз работата на МРР,
- Приоритети на кои треба да се насочи МРР,
- Визија и мисија,
- Стратегиски цели, и
- Клучни активности.

Дополнително, за анализа на опкружувањето се користени секундарни податоци и анализи од различни национални и меѓународни извештаи, вклучувајќи го и годишниот извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2022 година, како и податоци дадени во националната стратегија и програмата за земјоделство и рурален развој, ИПАРД програмата и други. Дополнително, користени се статистики од Државниот завод за ревизија, ЕуроСтат и базата на податоци на Светска Банка, а земени се предвид и националните политики кои ги регулираат условите и можностите за рурален развој, како Законот за земјоделство и рурален развој, Законот за рамномерен регионален развој и други релевантни национални политики и стратегии.

Процесот на подготовка на Стратегијата беше партиципативен, каде беа земени предвид ставовите и потребите на засегнатите и заинтересирани страни, пред се на крајните корисници, т.е. на руралното население во Република Северна Македонија, застапено преку претставниците на организациите-членки на МРР. Учесниците на работилницата ги имаа предвид гледиштата и идеите на крајните корисници. Стратегијата е заснована на следниот методолошки пристап:

- **Локален пристап** – процесот ги зема предвид потребите и интересите на локалното рурално население и е прилагоден на локалните услови за развој;
- **Партиципативен пристап** – Стратегијата ги отсликува очекувањата на организациите-членки на МРР, што ги застапуваат барањата на руралното население, притоа земајќи ги предвид можностите и потенцијалот за развој во државата;
- **Соработка** – МРР ќе ги одржува постојните и ќе воспостави нова соработка и партнерства на локално, национално и меѓународно ниво, за да ги оствари приоритетите и целите на Стратегијата;
- **Промоција и застапување** – МРР ќе промовира добри практики за рурален и одржлив развој, и ќе застапува за позитивни политики што ќе овозможат еднакви можности за развој на руралното население и руралните средини;
- **развој и раст** – МРР ќе работи посветено на афирмирање на прашања и предизвици со кои се соочува руралното население во Европа, па и на глобално ниво, односно конкурентност на руралните области, зелена / циркуларна економија, социјална вклученост и градење на врски помеѓу руралната економија и развојните активности (ЛЕАДЕР пристап).

Стратегијата ги отсликува реалните потреби и приоритети, врамени согласно условите во моменталното опкружување и достапните ресурси.

# 2. Анализа на моменталната состојба

Земјоделството и руралниот развој се препознаени како значаен елемент кој има потенцијал да придонесе кон севкупниот и одржлив социо-економски развој на Република Северна Македонија. За таа цел, државата оддвојува значителни средства за поддршка на земјоделството и на руралниот развој. Дополнително, се спроведува и Инструментот за претпристапна помош на ЕУ – Програма за рурален развој (2014 – 2020), односно ИПАРД 2, а се реализираат и други програми и мерки со кои директно или индиректно се поддржува развојот на руралната економија и се поттикнува поквалитетен живот за руралното население.

Паралелно на ова, активно дејствува и придонесува граѓанскиот сектор, посебно преку инцијативите за влијание врз и учество во креирање на локални и национални политики, што имаат за цел да поддржат еднаков и одржлив рурален развој.

Стратегијата за развој на МРР, ги зема предвид сите овие можности, како и потребите и барањата на организациите-членки и врз нив ги заснова приоритетите и насоките на дејствување во периодот 2023 – 2027.

## 2.1. Рурално население

Република Северна Македонија, до 2021 немаше спроведено попис на населението од 2002 година. Податоците од пописот на населението во 2021 година се делумно обработени и не се целосно достапни, па според тоа, за потребите на анализата ќе се користат официјални статистички податоци од Државниот завод за статистика (ДЗС), како и други релевантни меѓународни институции, како Светска Банка и ЕуроСтат. Единствен земјоделски попис е спроведен во 2007 година.

Според податоците од базата на податоци на Светска Банка, 41% од вкупното население во Република Северна Македонија во 2021 година живее во рурални средини (слика 1), наспроти 42% во 2017 година (претходен плански период).




**Слика 1:** Урбано и рурално население во Република Северна Македонија во 2022 година

Бројот на рурално население во земјата во Република Северна Македонија е намален за 3% во 2021 година, во однос на 2017 година, односно од 876.519 жители во рурални средини во 2017, опаднат е на 851.107 жители во 2021 година.

Овој пад се должи на повеќе фактори. Зголемената мобилност на населението, како и трендот на иселување од државата влијаат како на руралните, така и на урбаните средини. Сепак, предизвикот за руралните средини е уште поголем, посебно ако се имаат предвид социоекономските услови за живот во руралните средини, неповолната инфраструктура и лоша поврзаност / комуникација и отежнат пристап до услуги, како и руралната сиромаштија и воопшто недоволната и несоодветна развиеност на руралните средини. Па така, согласно податоците од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021 – 2027) *36% од оние кои живеат во рурални области се соочуваат со проблем на пристап до банкарски услуги, 24% пристап до поштенски услуги и 20% пристап до културни објекти. Основните услуги за транспорт не се достапни или се тешко достапни за 22% од населението во руралните области. Потребата од подобрување на патната мрежа во руралните области е нагласена како висок приоритет како во низинските села (51%), така и во планинските села (54%)*.

На слика 2, е прикажано движењето на руралното население во Република Северна Македонија, како процент од вкупното население во државата, од 1960 до 2021 година. Од графиконот се гледа дека од 1960 година до 1994 година, бројот на рурално населени постојано опаѓа, за во 1994 да достигне најмал % во однос на вкупната популација, односно само 40,2%. Од 1994 до 2010 година, процентот полека расте, за од 2010 повторно да почне да опаѓа.

Ваквиот тренд може да се анализира од повеќе аспекти, но на истиот секако во голема мера влијаат и политиките за развој и поддршка, кои иако се достапни, треба да бидат дополнително унапредени и зајакнати, за да одговорат на потребите на корисниците.




**Слика 2:** Рурално население (% од вкупно население)

На слика 3 е прикажан природниот прираст на населението во руралните средини. Од приказот се гледа дека од 1995 до 2012 природниот прираст на населението во Република Северна Македонија бил позитивен (над нула), за од 2012 до 2021 година повторно да биде негативен, односно понизок од нула. Тоа е уште еден показател за потребата од реформи на политиките, што ќе придонесат кон пред се задржување, но и враќање на младите во руралните средини




**Слика 3:** Природен прираст на руралното население (годишен %)

## 2.2. Образование

Не постојат официјални статистики кои го разграничуваат населението според степен на образование и место на живеење, односно рурална наспроти урбана средина. Сепак, неофицијалните податоци и податоци од истражувања спроведени во рамките на различни организации, потврдуваат дека степенот на образование кај руралното население е понизок од степенот на образование кај урбаното население.

Според Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021 – 2027) пристапот до образование за децата од руралните области е донекаде задоволителен што се однесува за основните училишта, додека во однос на средното образование растојанието до училиштата има негативно влијание. Поконкретни податоци се презентирани за образовната структура на земјоделците, направени согласно структурното истражување од 2016 година. Имено, согласно податоците од Националната стратегија, најголем дел од земјоделците имаат завршено или незавршено основно образование (44,5% или 80.269 лица) и средно образование (43,3% или 77.996 лица). Само 9.359 од нив, или 5,2% се со формално образование од земјоделските науки. Оттука произлегува дека на поголемиот дел од земјоделската работна сила и недостасува формално земјоделско образование, обуки и менаџерски и

деловни вештини. Сепак, овие податоци се однесуваат исклучиво на населението од руралните средини што се занимава со земјоделска дејност и нецелосно ја отсликуваат образовната состојба во руралните средини во Република Северна Македонија.

Сепак, недоволното или несоодветно образование, во комбинација со ограничените услови за раст и развој, имаат дополнително негативно влијание врз општите услови за социо-економски развој на руралните средини.

## 2.3. Вработување

Иако според официјалните статистики бројот на невработени лица во државата се намалува (слика 4), сепак стапката на вработеност кај младите луѓе, а посебно кај младите од руралните средини е се уште на загрижувачко ниско ниво, што води кон миграција на младата работна сила надвор од руралните средини или многу често и надвор од државата.

| | | |
|---|---|---|
| **2018** | **Вкупно** | **1.682.702** |
| | *Вработени* | 759.054 |
| | *Невработени* | 198.569 |
| **2019** | **Вкупно** | **1.684.820** |
| | *Вработени* | 797.651 |
| | *Невработени* | 166.363 |
| **2020** | **Вкупно** | **1.685.589** |
| | *Вработени* | 794.909 |
| | *Невработени* | 155.949 |
| **2021** | **Вкупно** | **1.682.800** |
| | *Вработени* | 795.087 |
| | *Невработени* | 147.917 |

**Слика 4:** Работоспособно население според економската активност, по години

*Извор: Државен завод за ревизија*

На слика 5 е прикажана структурата на вработени, според тоа дали се во рурални или урбани средини.

| | | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Работоспособно население** | **вкупно** | **1682702** | **1684820** | **1685589** | **1862800** |
| | **мажи** | **842248** | **843347** | **843707** | **841824** |
| | **жени** | **840454** | **841473** | **841881** | **840977** |
| **Вработени - Урбан дел** | **вкупно** | 410657 | 450440 | 458859 | 457768 |
| | **мажи** | 232939 | 254050 | 253757 | 256170 |
| | **жени** | 177719 | 196390 | 205102 | 201599 |
| **Вработени - Рурален дел** | **вкупно** | 348397 | 347211 | 336050 | 337319 |
| | **мажи** | 225567 | 223387 | 217807 | 216775 |
| | **жени** | 122830 | 123824 | 118242 | 120544 |

**Слика 5:** Вработени во рурални и урбани средини

Голем дел од младите што остануваат, поради несоодветното образование, или пак поради ограничените можности за вработување, се занимаваат со земјоделство. Сепак, согласно податоците на државниот завод за статистика, младите и жените во

земјоделството, најчесто се застапени како неплатени семејни работници, што ги ограничува нивните можности за еднаква вклученост во општеството, но влијае и на самиот квалитет на живот.

## 2.4. Анализа на опкружувањето – СВОТ[1] анализа

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Висока територијална покриеност со активни членки; активни членки на цела територија на државата<br>• Одлична организациона поставеност (извршна канцеларија) и јасно дефинирани и спроведени административни процедури<br>• Едуциран и професионален кадар во извршната канцеларија<br>• Одлична техничка опременост<br>• Постојана / редовна комуникација со клучните државни институции<br>• Препознатливост кај донаторите, со долгорочна соработка (УСАИД, We Effect, GIZ...)<br>• Препознатливост кај европските асоцијации (PREPARE, ELARD, BRDN, …)<br>• Изградени капацитети за спроведување на проекти<br>• Редовна комуникација и координација со членките<br>• Промотор и корисник на ЛЕАДЕР пристапот<br>• Членките на мрежата придонесуваат со експертиза на дадени теми / во дадени области | • Недоволна промоција и видливост на организацијата<br>• Неактивни членки во вкупната структура<br>• Разлики во капацитетите кај членките – да се интервенира, за да се намалат разликите помеѓу членките во капацитетите / способностите<br>• Целосна зависност од донатори и проекти – организацијата не генерира приходи |

[1] СВОТ (SWOT) анализата претставува структуриран метод на анализа што ги оценува внатрешните (организациските) јаки и слаби страни, како и можностите и заканите од надворешното опкружување, што влијаат на можностите за остварување на организациските цели, во случајот на можностите за постигнување на приоритетите на локалната стратегија за застапување. СВОТ е скратено од:

- *Јаки страни (<u>S</u>trengths)* – Внатрешни организациски карактеристики, што и даваат предност на организацијата во однос на другите чинители,
- *Слаби страни (<u>W</u>eaknesses)* – Внатрешни организациски карактеристики, што ја прават организацијата ранлива и ја доведуваат во понеповолна позиција во однос на другите чинители,
- *Можности* (<u>O</u>pportunities) – Фактори од надворешното опкружување што организацијата може да ги искористи во своја корист, за да ги постигне своите цели, и
- *Закани* (<u>T</u>hreats) – елементи од надворешното опкружување во кое функционира организацијата, а кои влијаат негативно на организациската работа.

| | |
|---|---|
| • Фокус на мисијата и целите на организацијата<br>• Следење на развојните трендови / потреби за развој, и ажурирање / осовременување на областите на дејствување | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Искористување на ЕУ фондови<br>• Партнерства со меѓународни организации<br>• Зголемување на учеството во работни групи за креирање на политики за рурален развој<br>• Подигање на свеста за спречување на миграцијата<br>• Афирмација / промовирање на начинот на живот на село<br>• Зелена / циркуларна економија / социјално претприемништво / иновативност<br>• Паметни / одржливи села / рурални средини - активни и организирани жители<br>• Јакнење на руралното население | • Недоволна мотивација кај членките<br>• Недоволни капацитети на членките<br>• Политичко влијание<br>• Светска економска криза<br>• Неконтинуирана финансиска поддршка<br>• Миграции и иселување (одлив на мозоци / кадри)<br>• Климатски промени<br>• Енергетска криза<br>• Слаба инфраструктурна развиеност<br>• Недоволен пристап до услуги<br>• Неинтегриран / ограничено сфаќање на концептот на „рурален развој“ и несоодветна поддршка од страна на релевантните чинители<br>• Значајни разлики во развојот помеѓу руралните и урбаните средини<br>• Слаба / недоследна имплементација на Законот за рамномерен регионален развој<br>• Слаба политики / недоволна поддршка и мерки за диверзификација на руралните средини; младите и жените од руралните средини се врамени како земјоделски производители на храна, преку политиките и мерките за поддршка - потребно е да се унапредат политиките и мерките за диверзификација |

# 3. Анализа на чинителите (засегнати и заинтересирани страни)

Главни чинители (заинтересирани и засегнати страни)  кои треба да ги има предвид МРР, да ги вклучи во своето работење или кон кои треба да го насочи своето работење, во следниот стратегиски период се:

- **Руралното население** – Руралното население е крајниот корисник на работењето на МРР. Организациските активности се насочени кон влијание врз подобрување на условите за живот на руралното население, преку влијание врз политиките, како и промовирање на практики и дејствување во насока на искористување на потенцијалот за развој на руралните средини, на одржлив начин и со цел подобрување на социо-економските услови за живот.
- **Членките** – Организациите членки се главните чинители на МРР, преку кои организацијата дејствува на локално ниво и чии интереси ги застапува и поддржува на национално ниво. Потребите за јакнење на организациите членки, како и за подобрена комуникација, во насока на поефективно и поефикасно организациско работење, ќе бидат соодветно отсликани во стратегијата за работа.
- **Локални власти** – Голем дел од дејствувањето е насочено кон вклучување на локалните власти и менување на нивната свесност, во насока на прифаќање и преземање поголема одговорност, со која би влијаеле за унапредување на условите за живот во руралните средини. Како такви тие се и целна група на активности за застапаување, но и краен корисник а активности за градење на капацитетите, со кои на пример би се подобрила искористеноста на ЕУ фондови, а во насока на поттикнување и поддршка на рурален развој.
- **Национални власти** - Носителите на политики се значаен чинител кон кого се насочени активностите на МРР, посебно во делот на креирање на позитивни политики и мерки со кои би се поддржал развојот на руралните средини во Република Македонија;
- **Партнерски организации и меѓународни тела** – Со помош на овие организации, МРР очекува да ја зајакне својата позиција на застапување и влијание врз локалните и национални политики, преку учење од и пренесување на позитивни практики и искуства, но и заеднички настап во однос на дадени прашања од заеднички интерес, а со цел да се зајакне позицијата на преговарање и влијание;
- **Академска и стручна јавност** – Академската и стручна заедница е значаен чинител, кој со своите истражувања, анализи, но и друг вид на активности може да придонесе кон градење на случај и јакнење на позицијата за застапување и преговарање со носителите на одлуки и влијание врз политиките за рурален развој.
- **Медиуми** - Претставниците на медиумите, со афирмирање на проблемите и прашањата што го засегаат руралното население се значаен чинител, што може значително да придонесе кон промовирање на проблемите и потребите на руралното население.
- **Граѓански сектор** – Граѓанскиот сектор, како и позитивните пракси кои ги промовира во последните години, кога се јавува и како главен иницијатор и двигател на општествени промени е значаен сојузник, со кој преку вмрежување и соработка, МРР може да се залага за решавање на одредени прашања.

За време на работилницата за стратегиско планирање, беше направено мапирање на чинителите согласно перцепцијата на учесниците на работилницата за моќта / влијанието на чинителите врз работењето на организацијата, и нивниот интерес во работењето на организацијата.

Зависно од проценетиот интерес и моќ на засегнатите и заинтересирани страни, организациите може да ја применат следната стратегија на соработка / комуникација со нив:

- **Набљудување** - Низок интерес, ниска моќ и влијание - Ова не се засегнати и заинтересирани страни од примарно значење. Организациите треба да го набљудуваат нивното однесување, за да не им се смени интересот или влијанието, и повремено да ги информираат;
- **Редовно информирање** - Висок интерес, ниска моќ и влијание - Интересите и потребите на овие засегнати и заинтересирани страни треба да бидат земени предвид во стратегијата за застапување (овде најчесто се наоѓаат индивидуалните крајни корисници);
- **Да бидат задоволни** - Низок интерес, висока моќ - Овие се потенцијално најризични засегнати и заинтересирани страни, бидејќи имаат висока моќ и влијание, а низок интерес во целите за застапување или во работата на организациите. Поради тоа, организацијата треба да ги има предвид и да планира како да управува со ризикот што го претставуваат овие чинители (пр. Ова може да биде локалната самоуправа, која може да не е заинтересирана за прашањето за застапување, но од друга страна има висока моќ и влијание);
- **Управување** - висок интерес, висока моќ и влијание - нивните интереси треба да се целосно претставени и со овие засегнати и заинтересирани страни треба да се изгради и одржува добар однос.

| Чинители (Засегнати и заинтересирани страни) | Интерес (Н - низок; С - среден; В - висок) | Моќ (Н- низок; С - среден; В - висок) | Стратегија за вклученост Н - Набљудувај; И - Информирај; З - Задоволни; У - Управување |
|---|---|---|---|
| АФПЗРР | 2 | 2 | Н |
| Мрежа на Лаг-ови | 2 | 3 | Н |
| Училишта и образовни институции | 3 | 3 | Н |
| Останати мрежи (Здружение за заштита на потрошувачи, Комори, и др.) | 3 | 3 | Н |
| Научни институции (факултети, институти - освен ФЗНХ) | 3 | 3 | Н |
| Регионални и државни институции | 3 | 3 | Н |
| Останати НВОи | 3 | 3 | Н |
| EU CAP Network | 3 | 3 | Н |

| Чинители (Засегнати и заинтересирани страни) | Интерес | Моќ | Стратегија за вклученост |
|---|---|---|---|
| | (Н - низок; С - среден; В - висок) | (Н- низок; С - среден; В - висок) | Н - Набљудувај; И - Информирај; З - Задоволни; У - Управување |
| Бизнис сектор | 3 | 4 | Н |
| Земјоделски институт | 4 | 2 | Н |
| Национална федерација на фармери | 6 | 4 | И |
| ФЗНХ | 6 | 5 | И / М |
| SWG | 8 | 5 | И / М |
| БРДН | 8 | 5 | И / М |
| Регионални медиуми | 4 | 6 | З |
| Национални медиуми | 2 | 8 | З |
| Социјални медиуми | 3 | 9 | З |
| We Effect | 5 | 7 | З / М |
| МЗШВ | 5 | 8 | З / М |
| Општини | 7 | 7 | М |
| ГИЗ | 8 | 8 | М |
| ЛАГ-ови | 9 | 7 | М |
| УСАИД | 9 | 9 | М |
| Граѓански организации - членки на МРР | 10 | 10 | М |

# 4. Стратегиски начела

## 4.1. Визија и мисија



**ВИЗИЈА**

- Руралното население во Република Северна Македонија живее и работи во инклузивна средина што поттикнува диверзификација и одржливост, овозможувајќи рамномерен развој и унапредување на социо-економските услови за живот, како и зачувување на природното богатство и културното наследство




**МИСИЈА**

- Мрежата за рурален развој на Северна Македонија гради партнерства и остварува стратешка соработка, за влијание врз политиките за рурален развој на локално и национално ниво, ја поддржува и ангажира руралната заедница, преку активности за градење и искористување на нивните способности, вештини и знаења, и промовира и застапува ставови кои поттикнуваат услови за еднаков развој и одржливо искористување на природните ресурси.

## 4.2. Организациски вредности и принципи на работа

### Вредности

- Доверба
- Лојалност
- Одржлив развој
- Одговорност
- Јакнење на професионални стандарди
- Едукација и развој на човечкиот капитал
- Кредибилност, интегритет, отчетност и транспарентност
- Чесност, доверба, објективност
- Етичност
- Инклузивност и партиципативност и еднаква застапеност
- Проактивност

### Принципи на работа

- Еднаквост
- Инклузија
- Професионализам
- Демократија
- Кооперативност
- Вмрежување
- Соработка

## 4.3. Општи цели

Врз основа на анализата на опкружувањето, во кое се очекува да дејствува организацијата во периодот до 2027 година, како и земајќи го предвид досегашното искуство, односи со засегнатите и заинтересирани страни, но пред се потребите на крајните корисници и капацитетот и очекувањата на членството, за периодот 2023 – 2027 МРР ќе се фокусира на остварување на следните општи стратегиски цели:

**Општа цел 1:** МРР ја поттикнува и придонесува кон јакнење на конкурентноста на руралните средини.

**Општа цел 2:** МРР ги јакне сопствените капацитети и соработува со релевантните чинители, за зелена економија, заштита на животната средина и ефикасно управување со природните ресурси.

**Општа цел 3:** МРР придонесува кон подобрување на условите за живот во руралните средини, и кон градење на општество што овозможува социјална вклученост и социо-економско јакнење на ранливите категории на граѓани, со фокус на млади и жени од рурални средини.

**Општа цел 4:** Промовирање и застапување на ЛЕАДЕР пристапот во Република Северна Македонија.

Во рамки на трите стратегиски цели, дефинирани се следните хоризонтални теми што ќе бидат интегрирани во секоја од целите:

Застапување

Градење на каапцитетите

Вмрежување и соработка

Видливост и промоција

Како дополнителни општи начела, при реализација на поставените стратегиски цели, вработените и членките на мрежата, ќе прават проценка и ќе го имаат предвид влијанието на планираните активности и резултати врз можностите за: 1) интеграција и еднаква застапеност на жените и младите, 2) поттикнување на одржлив рурален развој, и 3) градење на стратегиски партнерства и воспоставување на соработка со релевантните чинители.

## 4.4. Специфични цели, индикатори и резултати

Специфичните цели, очекувани резултати и индикатори, се дадени во табелата во продолжение:

| Специфични цели: | Индикатори: | Очекувани резултати: |
|---|---|---|
| **Општа цел 1:** МРР ја поттикнува и придонесува кон јакнење на конкурентноста на руралните средини. | | |
| 1. Поттикнување / промоција за примена на добри практики во земјоделското производство и во производството на храна | # на организирани обуки<br># на опфатени чинители со обуки / едукативно-информативни настани (издвоени по родова, старосна и етничка структура)<br># и тип на реализирани промотивни настани / информативни кампањи<br># на чинители опфатени со промотивни настани / информативни кампањи (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | 1.1 Зајакнати капацитетите и свесност кај релевантните чинители за примена на добри практики во земјоделското производство и во производството на храна. |
| | | 1.2 Зајакнати капацитетите и свесност кај релевантните чинители за вертикална и хоризонтална интеграција во синџирот на вредност (ланец на набавки). |
| | | 1.3 Поддржани иницијативи за имплементација на безбеден и квалитетен систем за производство на храна. |
| 2. Диверзификација на економските активности и поддршка на претприемништво | # на вклучени чинители (според тип: бизниси / носители на одлуки, кај бизниси:<br># на отворени / поддржани нови бизниси издвоени по родова, старосна и етничка структура на носителот на бизнис идејата)<br># на организирани обуки<br># на опфатени чинители со обуки / едукативно-информативни настани | 2.1 Зајакнати капацитети и знаење кај крајните корисници за отворање и водење на старт-ап бизниси во руралните средини. |
| | | 2.2 Вклучени локални и национални институции во процесот на диверзификација на економските активности во руралните средини. |
| | | 2.3 Поддржани иницијативи за имплементација на безбеден и квалитетен систем за производство на храна. |

| Специфични цели: | Индикатори: | Очекувани резултати: |
| --- | --- | --- |
| | (издвоени по родова, старосна и етничка структура)<br># и тип на реализирани промотивни настани / информативни кампањи<br># на чинители опфатени со промотивни настани / информативни кампањи (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | |
| 3. Поддршка за развој на рурален и алтернативен туризам и промоција на културно наследство. | # и вид на подготвени и промовирани анализи, истражувања и сл.<br># на академски и друг вид на соработници со кои е воспоставена соработка<br># и вид на медиуми преку кои се промовирани истражувањата / студиите | 3.1 Изработени студии за развој на руралниот/алтернативниот туризам. |
| | # на организирани обуки<br># на опфатени чинители со обуки / едукативно-информативни настани (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | 3.2 Развиени човечки ресурси во правец на унапредување на руралниот/алтернативниот туризам. |
| | # и тип на реализирани промотивни настани / информативни кампањи<br># на чинители опфатени со промотивни настани / информативни кампањи (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | 3.3 Промовирани културни вредности. |

| Специфични цели: | Индикатори: | Очекувани резултати: |
| --- | --- | --- |
| 4. Промоција и брендирање на локални производи и региони. | # на развиени локални / регионални брендови, по тип на производ | 4.1. Развиени локални и регионални брендови. |
| | # на отворени продавници за продажба на локални и традиционални продукти | 4.2. Отворени продавници за продажба на локални и традиционални продукти. |
| | # и тип на реализирани промотивни настани / информативни кампањи<br># на промовирани локални брендови<br># на чинители опфатени со промотивни настани / информативни кампањи (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | 4.3. Промовирани локални брендови. |
| 5. Поттикнување и поддршка за воспоставување на социјално претприемништво во руралните средини. | # на обуки и обучени лица од МРР за социјално претприемништво.<br># на учества во работилници / настани за подготовка на секундарна легислатива за социјално претприемништво<br># на воспоставени соработки со трети страни за поддршка / застапување за воспоставување на социјално претприемништво во руралните средини. | 5.1. Поддржано социјално претприемништво во руралните средини.<br>5.2. Зајакнат капацитет на МРР за социјално претприемништво. |

| Специфични цели: | Индикатори: | Очекувани резултати: |
|---|---|---|
| **Општа цел 2:** МРР ги јакне сопствените капацитети и соработува со релевантните чинители, за зелена економија, заштита на животната средина и ефикасно управување со природните ресурси. | | |
| 6. Заштита на животната средина и ефикасно управување со природни ресурси | # и тип на реализирани промотивни настани / информативни кампањи | 6.1. Подигната јавна свест за утврдување на степенот на загаденост на воздухот, водата и почвата. |
| | # и тип на реализирани промотивни настани / информативни кампањи | 6.2 Организирани промотивни / едукативно-информативни настани за заштита на природните богатства и реткости. |
| | # и тип на реализирани промотивни настани / едукативно информативни кампањи<br># на чинители опфатени со промотивни настани / информативни кампањи (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | 6.3. Промовирани концептот на зелена / циркуларна економија, како потенцијални решенија за намалување на количините на генериран отпад во руралните средини. |
| 7. Придонес кон прилагодување и ублажување на последиците од климатските промени. | # и цел на воспоставена соработка со научно-истражувачките институции<br># и тип на реализирани истражувања<br># и тип на реализирани промотивни / едукативно информативни настани<br># на чинители опфатени со промотивните / информативни настани (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | 7.1. Подигната свесност во руралните средини за справување со климатските промени.<br>7.2. Истражување и промовирање на нови култури и технологии во земјоделството, кои се отпорни на климатските промени и /или имаат помали негативни ефекти врз животната средина. |

<table>
<tr><th>Специфични цели:</th><th>Индикатори:</th><th>Очекувани резултати:</th></tr>
<tr><td rowspan="2">8. Промовирање и поддршка на концептот за воспоставување на децентрализирани енергетски системи во руралните средини</td><td rowspan="2"># на обуки и обучени лица од МРР за можностите /алтернативите за ублажување на последиците од енергетската криза врз руралното население<br># на учества во работилници / настани за застапување за зголемување на бројот на енергетско-независни стопанства и за ублажување на последиците од енергетската криза врз руралното население<br># на воспоставени соработки со трети страни за поддршка / застапување за зголемување на бројот на енергетско-независни стопанства и за ублажување на последиците од енергетската криза врз руралното население.</td><td>8.1. Зголемени капацитетите и знаењата на МРР за можностите /алтернативите за ублажување на последиците од енергетската криза врз руралното население.</td></tr>
<tr><td>8.2. Застапување и поттикнување на активизам за зголемување на бројот на енергетско-независни земјоделски стопанства и туристички капацитети, и за ублажување на последиците од енергетската криза врз руралното население.</td></tr>
</table>

| Специфични цели: | Индикатори: | Очекувани резултати: |
|---|---|---|
| **Општа цел 3:** МРР придонесува кон подобрување на условите за живот во руралните средини, и кон градење на општество што овозможува социјална вклученост и социо-економско јакнење на ранливите категории на граѓани, со фокус на млади и жени од рурални средини. | | |
| 9. Застапување и поттикнување на родова еднаквост и економско јакнење на руралната жена. | # на обуки и обучени жени од руралните средини (издвоени според старосна структура и етничка припадност)<br># и тип на реализирани промотивни / едукативно информативни настани<br># на чинители опфатени со промотивните / информативни настани (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | 9.1. Подигната јавна свест за правата на руралната жена и значењето на родовата еднаквост.<br>9.2. Реализирани активности за економско јакнење на руралната жена. |
| 10. Застапување и поттикнување на активна рурална младина и унапредување на условите за живот за младите луѓе, во руралните средини. | # на обуки и обучена рурална младина од (издвоени според род, старосна структура и етничка припадност)<br># и тип на реализирани промотивни / едукативно информативни настани<br># на чинители опфатени со промотивните / информативни настани (издвоени по родова, старосна и етничка структура)<br># настани / активности и # на рурална младина вклучена во процеси на креирање на политики и носење на одлуки | 10.1. Зајакнати капацитети на руралната младина за застапување и креирање на политики за рурален развој.<br>10.2. Реализирани активности за економско јакнење на руралната младина.<br>10.3. Вклучена рурална младина во креирање на политики, и во процесите на носење на одлуки на локално ниво. |
| 11. Промовирање на концептот на „паметни“ села -активни и организирани жители. | # на обуки и обучени лица од МРР за „паметни“ села | 11.1. Зголемени капацитетите и знаењата на МРР за концептот на „паметни“ села - активни и организирани жители. |

| Специфични цели: | Индикатори: | Очекувани резултати: |
| --- | --- | --- |
| | # на учества во работилници / настани за застапување на концептот за „паметни“ села<br># на воспоставени соработки со трети страни за поддршка / застапување за воспоставување на концептот на „паметни“ села | 11.2. Застапување и промовирање на концептот на „паметни“ села - активни и организирани жители. |
| 12. Поттикнување за вклучување и искористување на капацитетите / знаењето на лицата над 65 години | # и тип на реализирани промотивни / едукативно информативни настани<br># на чинители опфатени со промотивните / информативни настани (издвоени по родова, старосна и етничка структура)<br># и тип на активности и лица над 65 години кои се активно вклучени во активности во руралните средини (издвоени по родова, старосна и етничка структура) | 12.1. Подигната јавна свест за можностите / потребата од вклучување и искористување на капацитетите / знаењето на лицата над 65 години.<br>12.2. Реализирани активности за социо-економско вклучување и искористување на капацитетите / знаењето на лицата над 65 години. |
| **Општа цел 4:** Промовирање и застапување на ЛЕАДЕР пристапот во Република Северна Македонија. | | |
| 13. Зајакнување на капацитетите на тематската група. | # и вид на организирани работилници / обуки / состаноци<br># на ЛАГови што земаат активно учество во тематската група<br># на заеднички активности на ЛАГовите | 13.1. Анимирани ЛАГови активно учествуваат во тематската група.<br>13.2. Подобрена комуникација и соработка помеѓу ЛАГовите. |
| 14. Успешно спроведување на LEADER пристапот во Република Северна Македонија. | # и тип на подготвени анализи, студии | 14.1. Проучена законска рамка и изработени анализи и студии што ќе овозможат спроведување на **LEADER пристапот во** |

| Специфични цели: | Индикатори: | Очекувани резултати: |
| --- | --- | --- |
| | # на иницијативи на застапување дискутирани со надлежните институции за спроведување на **LEADER пристапот.**<br># и тип на организации со кои е остварена соработка (издвоени по земја, цел на соработка, тип на организација)<br># на организирани студиски посети и број на учесници, за размена на искуства и добри практики за спроведување на **LEADER пристапот.** | **Република Северна Македонија, базирано на докази и на потребите / околностите во опкружувањето.**<br>14.2. Застапување пред соодветните институции за успешно спроведување на **LEADER пристапот.**<br>14.3. Реализирани активности за вмрежување и соработка со релевантни институции и организации од странство, за размена на добри практики и искуства, што би го овозможиле спроведувањето на **LEADER пристапот.** |